Уп. Бр.08-87/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено Б-Матрикс недвижности д.о.о. (B-Matrix nekretnine d.o.o.), со регистрирано седиште на адреса Славонска Авенија 1Б, 10000 Загреб, Хрватска преку Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 14.07.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на друштвото Б-Матрикс недвижности д.о.о. (B-Matrix nekretnine d.o.o.), со регистрирано седиште на адреса Славонска Авенија 1Б, 10000 Загреб, Хрватска на самостојна контрола над имот составен од деловната зграда Матрикс, недвижност која е упишана во катастарот за недвижности, катастарска општина 335649 ТРНЈЕ, Хрватска, составена од дворно место и деловна зграда во Загреб, Славонска авенија 1Б, од друштвото Матрикс Офис Парк д.о.о. (Matrix Office Park d.o.o.), регистрирано во Трговскиот суд во Загреб со регистрирано седиште на адреса Славонска Авенија 1Б, 10000 Загреб, Хрватска, преку купување на недвижен имот, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 16.06.2023 година, а дополнето на 21.06.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Б-Матрикс недвижности д.о.о. (B-Matrix nekretnine d.o.o.), со регистрирано седиште на адреса Славонска Авенија 1Б, 10000 Загреб, Хрватска со која Б-Матрикс недвижности

д.о.о. ќе стекне самостојна контрола над имот составен од деловната зграда Матрикс, недвижност која е упишана во катастарот за недвижности, катастарска општина 335649 ТРНЈЕ, Хрватска, составена од дворно место и деловна зграда во Загреб, Славонска авенија 1Б, од друштвото Матрикс Офис Парк д.о.о. (Matrix Office Park d.o.o.), регистрирано во Трговскиот суд во Загреб со регистрирано седиште на адреса Славонска Авенија 1Б, 10000 Загреб, Хрватска, преку купување на недвижен имот,

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Б-Матрикс недвижности д.о.о.** е друштво со посебна намена за спроведување на Трансакцијата, основано од страна на АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. (ALFI RE, upravljanje alternativnih investicijskih skladov, d.o.o.) друштво со ограничена одговорност кое е основано и постои според правото на Словенија, со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија.

Гледано во својата најширока смисла, Алфи Групата е присутна и остварува приходи во Северна Македонија.

Во својот поширок состав Алфи Групата ги има следниве регистрирани друштва во Северна Македонија:

- ПРО КОЛЕКТ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса ул. Христо Татарчев 121-Г, Кисела Вода, Скопје и регистрирана приоритетна дејност - Дејности на агенциите за собирање и наплата на сметки и кредитни канцеларии;

ПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Булевар Киро Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје и регистрирана приоритетна дејност - Трговија на големо со друга стока за домаќинствата.

**Целниот имот е имотот кој се состои од деловна зграда Матрикс Б,** недвижен имот упишан во катастарот за недвижности, катастарска општина 335649 ТРНЈЕ, Хрватска, составен од дворно место и деловна зграда во Загреб, Славонска авенија 1Б. Целниот имот во моментов е во сопственост на Матрикс Офис Парк д.о.о. (Matrix Office Park d.o.o.), со регистрирано седиште на адреса Славонска Авенија 1Б, 10000 Загреб, Хрватска. Целниот имот остварува приход со давање на деловни простории под закуп.

Продавачот нема регистрирано присуство во Северна Македонија, а Целниот имот нема остварено приходи во Северна Македонија во 2022 година.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**